Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 157/0306
11.04.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 април 2019 година, врз основа на примена жалба од Деница Бојаровска против весникот „Слободен печат“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 март 2019 година, Деница Бојаровска, поднесе жалба за текстот насловен „Примитивци, оставете ги децата!", објавен на 26 март 2019 година, на насловната страница на весникот „Слободен печат" (www.slobodenpecat.mk).

Во жалбата се наведува дека поднасловот на текстот: „На социјалните мрежи беше објавена фотографија од Павле, синот на Гордана Силјановска, на која се гледа како тој свири на кавал во Градскиот парк во Скопје, **налик на скитник**", содржи говор на омраза, дискриминација и навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со весникот „Слободен печат" и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Најпрво, главниот и одговорен уредник на весникот, Бранко Героски, одговори на наводите на жалителот.

Героски посочи дека бил запознат со реакцијата, дека стапил во комуникација со семејството Силјановски-Давкови и оти меѓусебно се договориле медиумот на засегната страна да и' пружи сатисфакција, односно јавно извинување. Тој појаснува дека целта на оспорената насловна страница била во насока да се испрати жестока критика кон праксата децата на политичарите да се инволвираат во кампањите и со тоа да се застане во своевидна одбрана на синот на Силјановска, а не да се создаде непријатно чувство кај него.

Героски во одговорот на жалбата приложи и примерок од извинувањето, насловено „Јавно извинување до Гордана Силјановска и нејзиниот син Павле", кое било објавено два дена по оспорениот текст, односно на 28 март 2019 година:

*„Мојата искрена намера беше да ги прикажам и да ги осудам манипулациите и ударите врз децата на учесниците во претакампањата. Но, за жал, на мое големо изненадување, тие зборови од семејството на кандидатката Силјановска биле разбрани како навреда. Наспроти ова, во коментарите на социјалните мрежи, оваа насловна страница беше сфатена главно како моја (неоснована) одбрана токму на синот на Силјановска"*, се вели во дел од јавното извинување на „Слободен печат".

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Согласно горенаведеното, Комисијата оцени дека процесот на медијација е позитивно решен и дека случајот е затворен како резултат на помирување меѓу страните.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во тој контекст, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

* * *

Во согласност со горенаведеното, на седницата одржана на 9 април 2019 година, Комисијата за жалби одлучи како што е наведено погоре.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова - Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595